PHILIPS

Безжичен звучник

S4405




# Корисничко упатство

Регистрирајте го вашиот производ и добијте поддршка на
www.philips.com/support

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| **1** | **Важно** | **2** |
| | Безбедност | 2 |
| **2** | **Вашиот безжичен звучник** | **3** |
| | Вовед | 3 |
| | Што има во кутијата | 3 |
| | Преглед | 3 |
| **3** | **Вовед** | **4** |
| | Полнење на вградената батерија | 4 |
| | Инсталирање батерии за микрофонот | 4 |
| | Инсталирање микро-СД картичка | 5 |
| **4** | **Вклучување/исклучување** | **5** |
| **5** | **Користење Bluetooth уреди** | **6** |
| **6** | **Режим на микро-СД картичка** | **7** |
| **7** | **Мешање на звук со аудио извор** | **7** |
| | Снимање | 7 |
| **8** | **Информации за производот** | **8** |
| **9** | **Напомена** | **8** |
| | Усогласеност | 8 |
| | Грижа за животната средина | 8 |
| | FCC изјава | 9 |
| | Известување за заштитен знак | 9 |

# 1 Важно

## Безбедност

**Предупредување**

- Никогаш не вадете го куќиштето на овој производот.
- Никогаш не подмачкувајте ниту еден дел од овој производ.
- Никогаш не поставувајте го овој производ над друга електрична опрема.
- Чувајте го овој производ подалеку од директна сончева светлина, отворен пламен или топлина.

- Прочитајте ги и следете ги овие упатства.
- Уверете се дека има доволно простор околу производот за вентилација.
- За секакво сервисирање ангажирајте квалификуван сервисен персонал. Сервисирање е потребно кога производот е оштетен на било кој начин, кога електричниот кабел или приклучокот се оштетени, истурена е течност или предмети паднале во производот, производот бил изложен на дожд или влага, не работи нормално или паднал.
- Користете само додатоци/прибор наведени од производителот.
- Користете само уреди за електрично напојување што се наведени во ова корисничко упатство.
- Исклучете го производот при грмотевици или кога не се користи долг временски период.
- Овој производ не треба да биде изложен на капење или прскање.
- Не ставајте никакви извори на опасност на производот (на пр., предмети наполнети со течност, запалени свеќи)..
- Таму каде што приклучокот на адаптерот за директно вклучување се користи како уред за исклучување, уредот за исклучување треба да остане лесно пристапен и употреблив.
- Не употребувајте го производот во близина на вода.
- Инсталирајте во согласност со упатствата на производителот.
- Не инсталирајте во близина на никакви извори на топлина како радијатори, греалки, печки или други апарати (вклучувајќи и засилувачи) што создаваат топлина.

# 2 Вашиот безжичен звучник

Ви честитаме на купувањето и добре дојдовте во Philips! За целосна корист од поддршката што ја нуди Philips, регистрирајте го вашиот производ на www.philips.com/welcome.

## Вовед

Со овој звучник и микрофон, можете
- да уживате во аудио од Bluetooth уред,
- да уживате во аудио од микро-СД картичка,
- со еден допир да снимате на микро-СД картичка.

## Што има во кутијата

Проверете ја и одредете ја содржината на вашето пакување:
- Безжичен звучник
- Безжичен микрофон
- УСБ-кабел
- Кратко упатство
- Безбедносен лист




## Преглед




① ⏻
- Притиснете и задржете 2 секунди да вклучите или искучите.

② 🎙
- Притиснете да започне или запре снимање на аудио и од безжичниот микрофон и од звучникот.

③ Bluetooth
- Притиснете да изберете извор од Bluetooth или микро-СД картичка.

④ − / +
- Притиснете да прилагодите јачина на звук.

⑤ ▶II
- Притиснете да репродуцирате или паузирате.
- Притиснете два пати да прескокнете на следната нумера.

⑥ **Микро-УСБ порта за полнење**

⑦ **Отвор за картичка микро-СД**

⑧ **Капак на дел за батерија**

⑨ **Прекинувач за вклучување/исклучување на микрофонот**

# 3 Вовед

Секогаш следете ги упатствата во ова поглавје едноподруго.

## Полнење на вградената батерија

Звучникот се напојува од вградена батерија која повторно се полни.

**Напомена**

- Пред употребата целосно наполнете ја вградената батерија.




Поврзете го УСБ-кабелот помеѓу микро-УСБ приклучокот на звучникот и УСБ приклучокот на вашиот компјутер или полнач.

**ЛЕД индикатор (напојување)**

| | |
|---|---|
| Светка црвено | Се полни кога е исклучен |
| Постојано црвено | Целосно наполнет кога е исклучен |
| Наизменично светка црвено/зелено | Се полни кога е вклучен |
| Постојано зелено | Целосно наполнет кога е вклучен |

## Инсталирање батерии за микрофонот

1 Отворете го капакот на делот за батерии.

2 Ставете 2 AAA алкални батерии (не се вклучени) со точен поларитет.

3 Затворете го капакот на делот за батерии.



## Инсталирање микро-СД картичка

1 Отворете го капакот на отворот за картичка.

2 Ставете микро-СД картичка (не е вклучена) со страната со контакти свртена надолу додека не слушнете кликнување. Тогаш затворете го капакот на отворот за картичка.






# 4 Вклучување/ исклучување

1 Притиснете и задржете ⏻ 2 секунди да го вклучите или исклучите звучникот.




2 Лизнете го нагоре прекинувачот да го вклучите микрофонот.
Микрофон до 5 m безжичен опсег



# 5 Користење Bluetooth уреди

Со овој звучник, може да уживате во аудио од Bluetooth уред.

**Напомена**

- Уверете се дека функцијата Bluetooth е овозможена на уредот.
- Чувајте го подалеку од други електронски уреди кои може да предизвикаат интерференција.

1 Притиснете и задржете 2 секунди да влезете во режим на спарување преку Bluetooth.




2 Изберете „**Philips S4405**“ во списокот со Bluetooth на вашиот уред.
   - ↳ Ако се појави порака за дозволување поврзување преку Bluetooth, потврдете.
   - ↳ Ако е потребна лозинка, внесете 0000, а потоа потврдете.
   - ↳ Звучникот ќе испушти тон кога е успешно поврзан.







**ЛЕД индикатор (Bluetooth)**

| | |
|---|---|
| Светка сино | Спарување со Bluetooth |
| Постојано сино | Bluetooth е поврзан |

**Напомена**

- Да исклучите, оневозможете поврзување преку Bluetooth со овој производ на уредот или притиснете повторно да префрлите на режим на микро-СД картичка.

# 6 Режим на микро-СД картичка

Може да уживате во аудио од микро-СД картичка која складира аудио датотеки.

Притиснете ✱ неколку пати да изберете извор на микро-СД. ЛЕД покажувачот за Bluetooth ќе биде исклучен за автоматска репродукција на аудио од микро-СД.



# 7 Мешање на звук со аудио извор

**Напомена**

- Не насочувајте до директно микрофонот кон звучникот за да спречите повратна реакција од микрофонот.

Со користење на безжичен микрофон, може да мешате звук со аудио извор.

## Снимање

Во Bluetooth режим, притиснете 🎙 да започне или запре снимањето.

**ЛЕД индикатор (REC)**

| | |
|---|---|
| Светка црвено | Грешка (нема ставено микро-СД картичка или картичката е полна) |
| Постојано црвено | Снимање |



# 8 Информации за производот

**Напомена**

- Информациите за производот се предмет на промена без претходно известување.

## Општи информации

| | |
|---|---|
| Електрично напојување: | 5 V ⎓ 1,5 A |
| Двигател на звучник | 1,5" |
| Време на полнење (звучник) | 2,5 часа |
| Време на репродукција | 6 часа |
| Вградена литиумска батерија (звучник) | 3,7 V, 1500 mAh |
| Димензии (звучник) | 105 x 105 x 38 мм |
| Тежина (звучник) | 250 g |

## Bluetooth

| | |
|---|---|
| Верзија на Bluetooth | V4.2 |
| Опсег на Bluetooth | 10 m / 32,1 ft |

# 9 Напомена

Сите промени или измени направени на овој уред што не се изрично дозволени од **MMD Hong Kong Holding Limited** може да го поништат овластувањето на корисникот да работи со производот.

## Усогласеност

Со ова, **MMD Hong Kong Holding Limited** изјавува дека овој производ е усогласен со основните барања и други релевантни одредби од Директивата 2014/53/EU. Изјавата за сообразност може да ја најдете на www.philips.com/support.

## Грижа за животната средина

**Фрлање на вашиот стар производ и батерија**

Вашиот производ е дизајниран и изработен од материјали и компоненти со висок квалитет, кои може да се рециклираат и повторно да се користат.

Овој симбол на производот значи дека производот е опфатен од Европската Директива 2012/19/EU.

Овој симбол значи дека производот содржи батерии опфатени од Европската Директива 2013/56/EU кои не може да се фрлаат со обичен отпад од домаќинството.

Информирајте се за локалниот систем за издвоено собирање на електрични и

електронски производи и батерии. Следете ги локалните правила и никогаш не фрлајте го производот и батериите со обичниот отпад од домаќинството. Правилното фрлање на стари производи и батерии помага да се спречат негативните последици по животната средина и човековото здравје.

### Вадење на батериите за фрлање

Да ги извадите батериите за фрлање, видете го делот инсталирање на батерија.



Само за пример

### Информации за животната средина

Избегнато е секакво непотребно пакување. Се обидовме да направиме пакувањето да биде лесно да се издвои на три материјали: картон (кутија), полистиренска пена (заштитник) и полиетилен (торбички, лист од заштитна пена) Вашиот систем содржи материјали кои може да бидат рециклирани и повторно искористени ако се издвојат од специјализирана компанија. Почитувајте ги локалните прописи во врска со фрлањето на материјалите за пакување, истрошени батерии и стара опрема.

## FCC изјава

Овој уред соодветствува со Дел 15 од правилата на FCC. Работењето подлежи на следниве два услови: (1) Овој уред не може да предизвика штетна интерференција, и (2) Овој уред мора да ја прифати секоја примена интерференција, вклучувајќи и интерференција што може да предизвика несакано работење.

**Предупредување**: Промените или измените што не се изрично дозволени од страната одговорна за усогласеност може да го поништи овластувањето на корисникот да работи со опремата.

**Забелешка**: Оваа опрема е тестирана и откриено е дека одговара на ограничувањата за дигитален уред од Класа B, согласно со Дел 15 од FCC правилата.

Овие ограничувања се проектирани да обезбедат разумна заштита од штетната интерференција во станбена инсталација. Оваа опрема генерира, користи и може да емитува радиофреквентна енергија и, ако не е инсталирана и не се користи во согласност со упатствата, може да предизвика штетна интерференција во радиокомуникациите. Сепак, нема гаранција дека нема да се појави интерференција во одредена инсталација. Ако оваа опрема предизвикува штетна интерференција на радио или телевизискиот прием, што може да се одреди со вклучување и исклучување на опремата, корисникот се охрабрува да се обиде да ја елиминира интерференцијата со една или повеќе од следниве мерки: (1) Преместување или релоцирање на антената за прием. (2) Зголемување на растојанието помеѓу опремата и приемникот. (3) Поврзете ја опремата во приклучница на струјно коло различно од она на кое е поврзан приемникот. (4) Консултирајте се со продавач или искусен радио/ТВ техничар за помош.

### Изјава за предупредување за РФ

Проценето е дека уредот ги исполнува општите барања за РФ изложеност. Уредот може да се користи во услови на преносна изложеност без ограничување.

## Известување за заштитен знак

Bluetooth®

Логотипот и логото Bluetooth® се регистрирани трговски заштитни марки во сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и секоја употреба на таквите ознаки од **MMD Hong Kong Holidng Limited** е лиценцирана. Други заштитни знаци и трговски имиња се оние на нивните соодветни сопственици.

Спецификациите се предмет на промена без известување.

Philips и Philips Shield Emblem се регистрирани заштитни знаци на Koninklijke Philips N.V. и се користат под лиценца. Овој производ е изработен од и се продава под одговорност на MMD Hong Kong Holding Limited. или една од неговите подружници и MMD Hong Kong Holding Limited е гарант во врска со овој производ.